**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-**

# З А П И С Н И К

**Од 158.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 11.08.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани,Златко Јанковски, Косана Мазнева Николиќ Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Марјан Цветковски – Директор на МРТ, Горан Атанасов Директор на заеднички функции и администрација. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата,158.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 10:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 157 седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на Приговор со бр.04-1754/13 од 04.08.2021 година од Катерина Топалова Дејановска, Новинар во Информативната програма на МТВ.

3. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 157.седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 157.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 157.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.

По извршеното гласање се констатира дека записникот од 157.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен** од Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 2: **Разгледување на Приговор со бр.04-1754/13 од 04.08.2021 година од Катерина Топалова Дејановска, Новинар во Информативната програма на МТВ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац му даде збор на Директорот на МРТ Марјан Цветковски кој ја образложи постапката од поднесувањето на Предлогот за дисциплиснки престап до донесувањето на Решението за изрекување на дисциплинска мерка за дисцилиснки престап и истакна дека постапил согласно предлогот на Комисијата за водење на дисциплиска постапка и дека смета дека Топалова Дејановска е една подобрите новинари кои ги има куќата. На крај истакна дека ќе ја прифати секоја одлука која ќе ја донесе Програмскиот совет.

Ведат Мемедалија – Заменик на претседателот на Програмски совет во своето излагање истакна дека Катерина Топалова Дејановска е една од поквалитетните новинари кои ги има МРТ, која со оглед на нејзината работа за која има добиено и награда од УСАИД како и досегашно залагање теба да биде унапредена, а не казнета. На крајот побара од членовите на Програмскиот совет да го уважат приговорот.

Ристе Панов во своето обраќање истакна дека теба да се земат во предвид олеснителните околности согласно член 37-т став 3 од Законот за Јавните претпријатија затоа што претходно не е казнувана како и дека во иднина олеснителната околност нема да важи.

Повеќето од членовите на Програмскиот совет се согласија со излагањето на Заменик претседателот на програмскиот совет со искчлучок на Снежана Клинчарова која во своето излагање го истакна следното :
„Мојот глас против прифаќање на приговорот на Катерина Топалова Дејановска е даден затоа што сметам дека новинарката направила тешка повреда на службената должност, бидејќи одбила работна задача дадена од непосредниот уредник. Со овој непримерен и со ништо неоправдан, нејзин чин, таа направила тежок дисциплински престап. Да посочам дека гореименуваната новинарака која одбивањето на задачата го ,,аргументира,, со тоа дека дадената работна обврска треба да ја извршуваат новинари со звање новинар 1, 2, па и уредник, а не таа со звање новинар 3, не е издржано бидејќи Катерина Топалова Дејановска со истото звање ја подготвувала и ја реализирала емисијата ,,Објектив,, во претходната 2020/2021 телевизиска сезона. Особено е важно да споменам дека целата дисциплинска постапка во МРТ е водена согласно Законот за јавни претпријатија, чл. 37, став 2 и 7, алинеја 1 и 5 и донесено е решение со најниска казна за Катерина Топалова Дејановска: Парична казна од 30% од нејзината последна нето плата во траење од еден месец. Сметам дека решението на директорот Марјан Цветковски со бр. 04-1754/13 од 14.07.2021 г. донесено согласно чл.37 став 7 од ЗЈП е законски основано.
Што се однесува до приговорот на новинарката Топалова, едноставно, тој е неприфатлив бидејќи е законски неиздржан. Таа во својот приговор се повикува на Законот за работни односи чл.72 кој се однесува на отказна постапка, што нема никаква врска со изречената парична казна. Исто така, и со повикувањето на колективниот договор на МРТ чл.48 не го побива донесеното решение бидејќи и овој член се однесува на постапка за отказ.

Значи, станува збор за несоодветен приговор кој не е одговор на заклучоците на дисциплинската комисија, особено не на донесеното решение.

Да Заклучам:
Нема законски основ за прифаќање на приговорот на Катерина Топалова Дејановска. Нема законски основ за поништување на решението на директорот. “

По расправата Програмскиот совет на МРТ во врска со Приговор со бр.04-1754/13 од 04.08.2021 година од Катерина Топалова Дејановска, Новинар во Информативната програма на МТВ, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
за уважување на жалба/приговор

**I.** Се уважува приговорот на Катерина Топалова Дејановска со бр.04-1754/13 од 04.08.2021 година.

**II.** Се ПОНИШТУВА Решението бр.04-1754/12 од 21.07.2021 година донесено од првостепениот орган – Директорот на МРТ.

**III.** Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**IV.** Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот на МРТ,
- Катерина Топалова Дејановска,
- Одделение за подршка на работата на ПС и НО,
- Одделение за човечки ресурси,
- Архивата на МРТ.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно Законот за јавните претријатија по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка за сторен дициплински престап против Катерина Топалова Дејановска, а врз основа на предлогот од Комисија за спроведување на дисциплинска постапка формирана од Директорот на МРТ со Решение бр.04-1754/3 од 14.05.2021 година, Директорт на МРТ донесе Решение за изрекување дисциплинска мерка за дисциплински престап бр.04-1754/12 од 21.07.2021 година со кое е предвидена парична казна за Катерина Топалова Дејановска во износ од 30% од висината на едномесечниот износ на нето плата исплатена во последниот месец пред дисциплинскиот престап во траење од еден месец. Програмскиот совет на МРТ на 158-та седница одржана на 11.08.2021 година го уважи приговорот бр.04.1754/13 од 04.08.2021 година поднесен од Катерина Топалова Дејановска, притоа имајќи го во предвид целокупниот нејзин досегашен ангажман, залагање и придонес во работата на информативната програма на МТВ како и тоа дека нема направено ниту еден прекршок во десетгодишното работење во МРТ поради што Прогамскиот совет на МРТ согласно член 37-т став 3 од законот за јавните претрпијатија донесе одлука како во диспозитивот.

По извршеното гласање Прогамскиот совет на МРТ ја донесе одлуката со 10 гласа ЗА и 1 глас ПРОТИВ.

**ТОЧКА 3: Разно**

- По однос на третата точка од Дневниот ред се отвори дискусија во врска со Одлуката на Комисијата за избор на програмски содржини, а се однесуваше во врска со Заклучоците од страна на Надзорниот одбор на МРТ со кои му беше сугерирано на Директорот на МРТ да не слкучува нови договори со кои би се оптеретил финансискиот план на ЈРП МРТ се до добивање на јасна слика за обврските кои ги има МРТ. Притоа од страна на Горан Атанасов беше истакнато дека не се склучуваат нови договори и дека Одлуката на Комисијата за избор на програмски содржини е само предлог, но дека согласно Заклучокот на Надзорниот одбор

не е предвидено склучување на нови договори се додека не се даде зелено светло од Надзорниот одбор.

Седницата заврши во 11:00 часот.

Записничар
И.Тримчески

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател